ООУ. Св. Климент Охридски
Македонски Брод

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

# ООУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – МАКЕДОНСКИ БРОД

За период од 2022 – 2024 година




Датум: август, 2024 година

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Св. Климент Охридски“ – Македонски Брод |
| Адреса | Партизанска бр.33 Македонски Брод |
| Телефон, е-пошта | 075 389 192, 075 389 489<br>oukliment@yahoo.com<br>ou-svetiklimentohridski-makedonskibrod@schools.mk |
| Период на подготовка на СЕУ | Март – август 2024 година |
| Број на ученици во училиштето | 431 |
| Број на подрачни училишта | 6 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Тони Ставрески |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Горан Иваноски |
| Потпис | |
| Датум | |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 1.1. Планирања на наставниците<br>1.2. Наставен процес<br>1.3. Искуства на учениците од учењето<br>1.4. Оценувањето како дел од наставата<br>1.5. Вонннаставни активности и натпревари |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1. Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми на индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| •Наставни планови и програми донесени од МОН;<br>•Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот од основното образование;<br>•Годишна програма за работа на училиштето;<br>•Планирања на наставниците;<br>•Списоци;<br>•Агенди и извештаи од реализирани обуки;<br>•Записници и списоци од состаноци на стручни активи;<br>•Анкети со наставници;<br>•Интервју со директорот на училиштето;<br>•Интервју со стручните соработници;<br>Извештаи од стручни соработници за следени планирања; | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Стручната служба ги чува планирањата на наставниците во посебни досиеја за секој наставник. Стручната служба во училиштето има инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовките на наставните часови на наставниците. Стручната служба најмалку два пати годишно ги следи планирањата на наставниците и истите ги прегледува и укажува на грешките при нивната изработка. При следењето на часовите наставниците добиваат усна и писмена повратна информација за текот на посетениот час. За поефикасно планирање на наставата, училиштето, во рамките на своите можности, на наставниците им дава подршка и тоа:<br>-обезбедува Наставни планови и програми кои им се достапни на наставниците, во секое време;<br>-обезбедува стручна литература, дидактички средства, компјутерска технологија (освен во подрачните паралелки), надгледни средства и сл.;<br>Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Јасно се утврдени целите на наставата, очекуваните исходи од учењето, како и наставните методи и форми на работа. Исто така, во планирањата се вклучени и различни методи на оценување и нагласени се инструменти преку кои се спроведува оценувањето. Информацииите добиени од оценувањето наставниот кадар ги користи за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. |
| | Размена на искуства и информации при планирањето | Наставниците планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно и разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, примена на еко-теми и содржини, консултирање со колеги од други училишта и сл.<br>Исто така, 98% од наставниците се согласуваат дека добиваат навремени обуки за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. Најголем број од наставниците се согласуваат дека по спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. |

| **Индикатор 1.2. Наставен процес** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми на индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Концепција за основно образование (МОН/БРО);<br><br>- Концепција за инклузивно образование (БРО)<br><br>- Водич за слободните изборни предмети во основното образование (БРО);<br><br>- Водич за работа на Училишниот инклузивен тим (БРО);<br><br>- Водич на слободни изборни предмети (БРО);<br><br>- Концепција за основно образование (МОН/БРО);<br><br>- Концепција за инклузивно образование (БРО)<br><br>- Водич за слободните изборни предмети во основното образование (БРО);<br><br>- Водич за работа на | Реализација на наставни планови и програми | Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем, односно според Наставниот пла и програма. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со ангажирање на соодветен наставен кадар. Според 97% од родителите, во текот на учебната година, учениците ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот. |
| | Избор на наставни предмети | Училиштето ги нуди сите изборни предмети според Наставниот план и програми одобрени од МОН и Водичот за слободни изборни предмети во основното образование. Изборните предмети се избираат со писмено изјаснување (изјава) на родителите на секој ученик. Секој изборен предмет влегува во наставата откако ќе се формира наставна група. 80% од учениците одговориле дека сами ги имаат избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествуваат, според своите интереси. 99% од родителите се запознаени со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности, а 91% од истите мислат дека изборните предмети / активности кои ги посетуваат нивните деца ги имаат избрано согласно своите интереси. |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Наставниците од одделенска и предметна настава во текот на воспитно-образовниот процес користат најразновидни наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Користат добро испланирани методи за да работат со учениците индивидуално, во групи или со цела паралелка. Можноста за континуирано запознавање на учениците и нивните способности, како и описното оценување, овозможуваат комбинирана примена на различни форми и методи на работа. Најчести форми и методи кои се користат се: заедничка работа, индивидуална, групна, работа во парови, метод на усно излагање, интерпретативно - аналитички метод, метод на истражување, дебата и дискусија, ученички прашања за целисходно учење (УПЦУ), метод на играње улоги, текст - метод, знам, сакам да знам, научив и уште сакам да знам (ЗСНУ), метод: улога, публика, форма и тема (УПФТ), правење листа за аналитичко оценување во училница, метод на цртање, метод на решавање, метод на експеримент и други. Наставниците ги планираат сите задачи и активности кои треба да се реализираат во училиштето или дома, а истите се прилагодени на потребите на учениците за да ги постигнат предвидените цели на наставата. 91% од родителите мислат дека |

| | | |
|---|---|---|
| Училишниот инклузивен тим (БРО);<br><br>- Водич на слободни изборни предмети (БРО);<br>- Записници од состаноци на стручни активи;<br><br>- Анкети со наставници, ученици и родители;<br><br>- Дискусии во фокус групи со ученици, наставници и родители;<br><br>- Интервју со директорот и стручните соработници;<br><br>- Извештаи од посети на наставни часови;<br><br>- Решенија за инклузивен тим на училиштето;<br><br>- Изработени ИОП и момдифицирани програми за ученици со посебни образовни потреби;<br><br>- Записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик; | | наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на нивните деца. При реализирање на овие наставни форми и методи како ресурси се користат: компјутер, печатач, училишна табла, текстови, стручна литература, весници и списанија, документи и обрасци, телевизор, касетофон, клавир, географски и историски карти, глобус и др., 90% од наставниците сметаат дека применуваат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми. Речиси сите наставници се обучени за употреба на ИКТ, онлајн настава и нови образовни технологии во наставата и истите ги применуваат за реализација на своите наставни програми. Правилниот избор на задачи и активности, за постигнување на предвидените цели на наставата, претставува карактеристика на работењето на поголем број од наставниците. При изборот на задачи се внимава да биде овозможена реализацијата на активности со различно ниво на сложеност, прилагодени на индивидуалните потреби на учениците. 100% од наставниците сметаат дека користат различни наставни форми и методи според структурата на учениците. Според 91% од учениците наставниците ја прават содржината од предметите интересна поради тоа што имаат можност да учат на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.). Во зависност од потребите на наставниот предмет, за успешна реализација на на некои часови, наставниците користат ресурси кои ги има училиштето или пак учениците заедно со наставниците истите ги приспособуваат или набавуваат. 90% од наставниците сметаат дека во наставата користат различни ресурси за учење и настава. 85% од учениците одговориле дека на часовите користат различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели). |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | На почетокот на учебната година наставниците им ги соопштуваат на учениците и нивните родители целите на наставата, критериумите и стандардите за оценување. Поучувањето е соодветно на возраста и нивото на образование. Кај најголем дел од наставниците, во реализацијата на наставата се употребуваат различни интерактивни методи, што подразбира активно вклучување на учениците во процесот од наставата при што се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците. 100% од наставниците сметаат дека ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе. Учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера. 88% од учениците одговориле дека на најголем број од часовите, сите ученици се активно вклучени во наставата (поставуваат, прашања, |

| | | |
|---|---|---|
| - Извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ);<br><br>- Извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција;<br><br>- Материјали од постапката за определување изборни/слободни изборни предмети и активности;<br><br>- Планирања за исборни предмети; | | дискутираат, работат во групи). Според 100% од наставниците, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив. Во училиштето претежно се промовира заемното почитување, помошта, соработката и разбирањето. Нема разлика меѓу учениците според полот, социјалното потекло, етничката и религиската припадност. Најголем дел од родителите сметаат дека наставниците ги почитуваат правата на децата и кон нив се однесуваат со почит и разбирање.. Училиштето нема пропишано интерна процедура за следење на наставниот процес континуирано и на различни нивоа. Во текот на првото и второто полугодие, секој наставник се посетува на час најмалку два пати во полугодие од страна на директорот или стручната служба-педагогот. За посетата на часот се води евидентен лист, а за впечатоците со наставникот се разговара по завршувањето на часот. Наставниците меѓусебно се информираат за планирани часови и разменуваат искуства што доведува до корелација меѓу содржините од различни наставни предмети (преку ИКТ, ЕКОЛОГИЈА и сл.) со што се овозможува стекнување повисоко ниво на знаење, способности и вештини кај учениците. На тој начин се обезбедува квалитетна настава и поголеми резултати од работењето. |
| | Реализација на образовна инклузија | Во училиштето се формирани Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Истите редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Во училиштето се ангажирани 2 образовни и 2 лични асистенти кои работат со ученици со ПОП. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. 82% од наставниците успешно соработуваат со истите на дневна база. Наставниците ги оценуваат постигнувањата на учениците сопопреченост во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со физичка попреченост. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во | Уште во учебната 2014/15 година нашето училиште беше вклучено во третата фаза од Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието и од тогаш во рамките на нашето училиште се реализираат најразлични МИМО активности, како самостојно |

| | | |
|---|---|---|
| | образованието | така и заеднички со партнер-училиштата. Овој проект опфаќа најразлични активности кои ги промовираат вредностите на почитување на сличностите и разликите карактеристични за различните етнички и религиозни групи кои живеат на територијата на Р.Македонија, и се залага за меѓусебно почитување и толеранција помеѓу истите тие групи. Во рамките на овој проект, во ООУ „Св. Климент Охридски“ – Македонски Брод се спроведуваат најразлични долготрајни и краткотрајни МИО активности кои се според сите критериуми што ги промовира овој проект. Поради тоа што во училиштето нема ученици од мешан етнички состав, долготрајните активности опфаќаат работа на наставници и ученици во рамките на воннаставните активности со училишта од мешан етнички состав. Таква соработка имавме со основното училиште „Мустафа Кемал Ататурк“ од с.Пласница. Краткотрајните активности пак опфаќаат еднодневни екскурзии, прослава на патрониот празник на училиштето и партнер училиштето, заедничка посета на музички концерти и театарски претстави, посета на џамија, црква и турбе, учество на приредбата која го одбележува денот на училиштето која се одржа во с.Пласница, учество во турнир во мал фудбал, како и реализација на најразлични МИО работилници, ОЖВ работилници и мултикултурни активности во рамките на редовната настава. Реализатори на слободните ученички активности на македонски и турски јазик се наставниците: Мартина Крстеска и Талхат Шемоски. 90% од наставниците имаат реализирано МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план, 70% од родителите тврдат дека нивните деца биле вклучени во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици, додека пак 71% од учениците биле вклучени во активности заедно со ученици од други култури (од нивното или од друго училиште). |
| **Индикатор 1.3. Искуства на учениците од учењето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Анкета со учениците, родителите и наставниците;<br><br>-Разговори со фокус групи со наставници, родители и ученици; | Средина и атмосфера за учење | Во училиштето се работи за создавање на стимулирачка средина која буди интерес за учење. 97% од родителите сметаат дека училиштето е безбедна средина за нивните деца, додека пак 93% од нив, сметаат дека тоа е мотивирачка средина исто така. Трудовите на учениците се транспарентни и се изложуваат во училницата и во холот од училиштето. Учениците се изјасниле дека имаат можност самостојно да размислуваат, да даваат предлози и да преземаат одговорност. Притоа, 98% од учениците се изјасниле дека ако не знаат нешто на часовите, можат слободно да ги прашаат наставниците. Наставниците најмногу ги вклучуваат учениците во наставата |

| | | |
|---|---|---|
| -Разговор со стручна служба;<br><br>-Увид во ученичките досиеја;<br><br>-Увид во евиденцијата на стручните соработници; | | мотивирајќи ги самостојно да се истакнуваат, преку постојано прашување и преку изработка на проекти.<br>Учениците можат да го искажат своето мислење пред наставниците за одделни прашања и проблеми. 91% од нив се изјасниле дека имаа слобода да поставуваат прашања за време на часовите. Учениците сметаат дека нивната меѓусебна соработката е на задоволително ниво. Најголем дел од родителите сметаат дека учениците се активно вклучени во наставата низ разговор, изработка на задачи, практични трудови и ученички излагања. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.<br>Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Исто така, најголем дел од родителите (93%) сметаат дека наставниците им даваат насоки како им помагаат на децата во секојдневните училишни активности. Организирани форми на поттикнување, мотивирање, остварување соработка меѓу учениците и наставниците, училиштето има за време на еколошки акции, Патрониот празник на училиштето, манифестации по повод новогодишните празници, хуманитарни акции во соработка со Црвениот крст, еднодневни и повеќедневни екскурзии и др. Училиштето активно учествува во повеќе проекти за „Еко училиште“, за која цел има формирано и Еко-одбор од ученици и наставници. Нивната активност во училиштето се гледа во организирање еко-трибини, советувања, изготвување флаери со еколошки пораки, истакнување на видно место на трудовите на учениците кои содржат еко-мотиви, учество на еко-кампови итн. На овој начин се врши влијание врз свеста на учениците за консумирање здрава храна, чување на природата и околината во која се учи и живее. Во своите тематски планирања секој наставник внесува еко-содржини кои одговараат на наставиот материјал со што би се афирмирала еко-свеста кај младите луѓе - учениците. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби | Наставниот кадар и стручната служба-педагогот систематски ги препознаваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик. Тие користат разновидни техники за откривање и воочување на образовните потреби на секој ученик. За своите образовни потреби учениците разговараат со одделенскиот |

| | | |
|---|---|---|
| | на учениците | раководител на одделенските часови, а наставниците разговараат на ниво на стручни активи, одделенски совети, наставничките совети и на Совет на родители.<br>Образовните потреби на учениците се задоволуваат и преку слободен избор на изборни предмети. 79% од родителите сметаат дека изборните предмети/активности кои ги посетува нивното дете ги има избрано согласно своите интереси. Секој ученик има можност да ги истакне своите афинитети со учество во слободните ученички активности. За образовните потреби и проблеми, учениците дискутираат и на ниво на ученичка заедница. За проблемите во врска со учењето, секој ученик може да се обрати до педагошката служба и да разговора за истите, како и за начинот на нивно решавање. Притоа, се преземаат многубројни активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките. Наставниците водат грижа за образовните потреби на секој ученик преку организирање и реализирање: редовна настава, изборна настава, дополнителна настава, додатна настава, преку темелно објаснување на материјалот, разговор за нивните интереси, индивидуални разговори за разни теми, разговори за проблеми од лична природа. За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори со родителите. |
| **Индикатор 1.4. Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот на основното образование (БРО);<br>-Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта (МОН);<br>-Критериуми за оценување на постигањата на учениците | Училишна политика за оценување | Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Во училиштето редовните и изборните наставни предмети се оценуваат описно (од прво до трето одделение во текот на сите класификациони периоди, од четврто до шесто одделение во првите три тримесечија) и со нумерички оценки од недоволен (1) до одличен (5) (од седмо до деветто одделение во текот на сите класификациони периоди и од четврто до шесто одделение на крајот од учебната година). Поведението на учениците се оценува како: примерно, добро и незадоволително. Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи. |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби, кои се реализираат на почетокот на учебната година. 97% од наставниците ги запознаваат учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките, 68% од родителите се запознати со критериумите за |

| | | |
|---|---|---|
| (БРО);<br>-Програма за работа на училиштето;<br>-Распоред за додатна и дополнителна настава;<br>-Списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава;<br>-Правилник за оценување и напредување на учениците;<br>-Интерен правилник за оценување<br>-Увид во педагошката евиденција и документација;<br>-Користените инструменти за оценување;<br>-Примери на оценети ученички трудови;<br>-Записници од стручните активи и наставничките совети;<br>-Анкети / интервјуа со учениците, родителите и наставниците;<br>-Инструменти за индивидуализирани начини за проверка; | | оценување по нивниот предмет, додека пак 95% од учениците сметаат дека наставниците однапред им објаснуваат што треба да знаат за секоја оцена.<br>Најголемиот број наставници применуваат формативно и сумативно оценување. Наставниците користат различни инструменти за оценување на постигањата на учениците при што ги применуваат критериумите и стандардите за оценување на учениците. Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку: усни проверки, писмени работи, тестови на знаење, чек-листи, белешки, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дебати и дискусии, заинтересираноста итн. Според 95% од учениците, наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.). Различните приоди во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. 98% од наставниците редовно ги вклучуваат во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.). Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања, за што потврдуваат и резултатите од спроведените анкети. 81% од анкетираните ученици сметаат дека оценувањето е праведно, а 94% од нив дека наставниците им објаснуваат зошто добиле одредена оцена. |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Коефициентот на континуитет на успехот во вториот и третиот период на образование од трите претходни последователни години пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е зголемен за 0,09. |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигнувањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава. |

| **Индикатор 1.5. Вонnаставни активности и натпревари** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Концепција за вонnаставни активности во основното образование (БРО);<br>-Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование (МОН);<br>-Годишна програма за работа;<br>-Програма за вонnаставни активности;<br>-Извештај од реализирани екскурзии;<br>-Педагошка евиденција и документација;<br>-Дипломи, признанија и пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>-Интервјуа / анкети со наставници, ученици, родители и стручни соработници за вонnаставни активности;<br>-Записници од стручни | Обем и разновидност на планираните и реализираните вонnаставни активности | Училиштето планира и ги реализира вонnаставните активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците.<br>Најголем број од учениците се запознаени со вонnаставните активности кои се нудат во училиштето. Во училиштето се реализираат вонnаставни активности предложени од учениците. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата во вонnаставните активности | Училиштето овозможува најголем број на ученици да бидат вклучени во вонnаставна активност во зависност од нивните желби и можности не исклучувајќи ги притоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во вонnаставни активности | Сите ученици се вклучени барем во една вонnаставна активност. 78% од родителите и 90% од учениците сметаат дека училиштето нуди избор на различни вонnаставни активности (клубови, проекти и сл.). Во училиштето, со учениците од третиот образовен период, се реализирани општествено-хуманитарни активности, во рамки на вонnаставните активности. Учениците се вклучуваат во вонnаставните активности по сопствен избор и тие имаат водечка улога при изготвувањето на вонnаставните активности, а наставниците ја имаат советодавната координативна улога. 91 % од родителите сметаат дека нивното дете е вклучено во вонnаставни активности, според сопствениот интерес, додека пак 77% од учениците сметаат дека се вклучени во вонnаставни активности по сопствен избор. |
| | Натпревари | Учениците се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации и со поддршка од училиштето и наставниците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и државно ниво. Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер За постигнатите резултати секогаш се пофалени и истакнати на fb- страна на |

| | | |
|---|---|---|
| активи и ученичка заедница;<br>-Список на ученици вклучени во воннаставни активности;<br>-Увид во веб страната, во весниците, социјалните мрежи и сл; | | училиштето. Се врши избор на најдобар ученик на генерација, а најдобрите ученици се наградуваат и јавно се пофалуваат на свечената академија што се одржува по повод 24 Мај – Денот на сесловенските браќа Кирил и Методиј. Првенецот на генерација се наградува со плакета на свечена седница на Советот на Општина Македонски Брод по повод 7 Септември, денот на ослободување на Македонски Брод. |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Планирањата за реализација на наставата, како и на дополнителната, додатната настава, слободните ученички активности и воннаставните активности, целосно и навремено се доставуваат на проверка и одобрување кај стручната служба на училиштето. Наставниците добиваат соодветни обуки за користење на современи средства и методи во наставата, како и дисеминации на обуките, од страна на другите наставници. Поучувањето е соодветно на возраста и нивото на образование. Кај најголем дел од наставниците, во реализацијата на наставата се употребуваат различни интерактивни методи, што подразбира активно вклучување на учениците во процесот од наставата при што се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниот кадар и стручната служба систематски ги препознаваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик. Тие користат разновидни техники за откривање и воочување на образовните потреби на секој ученик. Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците. Училиштето планира и ги реализира воннаставните активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците.<br>Во однос на предизвиците во овој дел, може да се нагласат недостатоците во однос на компјутерската технологија. Дел од учлниците, посебно во предметна настава, не делуваат доволно мотивирачки за постигања на високи резултати кај учениците. Детектирани се и недостатоци кај дел од наставниците во однос на ИТ вештините за примена на ИКТ во наставата, односно недостаток на соодветни компетенции за правилно користење на ИКТ во наставата, со цел унапредување на наставниот процес. |
| **Силни страни**<br>✓ Учениците и родителите навремено се информираат за стандардите, критериумите, методите и формите за оценување по сите наставни предмети за време на родителските средби и приемните денови на наставниците, а оценувањето е праведно, транспарентно и |

| |
|---|
| секогаш проследено со образложение, дискусија и сугестии за подобрување на успехот од страна на наставникот и учениците.<br>✓ Најголем број од наставниците и учениците, како и дел од родителите биле активно вклучени во планирањето, организацијата и реализацијата на МИМО активности од најразличен тип, кои промовираат меѓуетничка толеранција, интеграција и соживот.<br>✓ Учениците се вклучени во најразлиични вонnаставни активности според својот личен интерес (ЕКО активности, МИМО активности, манифестации и работилници, култура и традиција, слободни ученички активности за интегрирано образование, еТвининг проекти и сл.). |
| **Слаби страни**<br>✓ Недоволна употреба на ИКТ во наставата како резултат на недостаток на компјутерска технолгија и соодветни обуки за примена на ИКТ во наставата на наставниот кадар.<br>✓ Училиштето не располага со доволен број на образовни и лични асистенти кои би биле во функција на развојот на учениците со ПОП. |
| **Приоритети**<br>-Набавка на компјутерска технологија за предметна настава со цел зголемување на мотивираноста на учениците за поголемо учество во активностите за време на часовите, а со тоа подобрување на нивниот успех.<br>-Подобрување на ИТ вештините на наставниците.<br>-Интензивирање на соработката со ресурсното училиште со цел обезбедување на поголем број на асистенти. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 2.1. Постигања на учениците<br>2.2. Мерки за подобрување на постигањата |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

<table>
<tr><td colspan="3">Собирање на податоци</td></tr>
<tr><td colspan="3">Индикатор 2.1. Постигања на учениците</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Теми по индикатори</td><td>Информации кои се собрани</td></tr>
<tr><td rowspan="2">-Е-дневник;<br>-Записници од родителски состаноци;<br>-Анализи на постигања по различни критериуми и квалификациони периоди и акциски план за подобрување;<br>-Анализи на резултати од екстерни тестирања; анкети со ученици, родители, наставници;<br>-Интервјуа со стручни соработници, директор;</td><td>Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди</td><td>Училиштето ги следи постигањата на учениците и располага со детални податоци за нивните постигања по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди во текот на целата учебна година. Се следи општиот успех на учениците во однос на полот и етничката припадност.</td></tr>
<tr><td>Резултати од екстерни тестирања</td><td>Постигањата на учениците редовно, по секој класификационен период, јавно се соопштуваат кај сите ученици. Постигањата на учениците на разни натпревари, конкурси и слично, јавно се промовираат и истакнуваат на приредби (Денот на училиштето) и на крајот од учебната година, како и на фејсбук страната на училиштето. Наставниците се обучени за примена на современи методи во оценувањето на постигањата на учениците со обуките од ПЕП и БРО. Со описното оценување во одделенска настава, наставниците се оспособуваат да применуваат посовремени методи на оценување (евидентни листи, скали за проценка, есеи, проекти и сл.) .<br>Училиштето ги подобрува постигањата на учениците со постојани укажувања за потреба од стекнатите знаења и вештини за лична надоградба на својата личност и основа за натамошно образование, како и примена на стекнатите знаења во секојдневниот живот и работа. Споредување на тежинските нивоа на резултатите при интерното оценување, по различни одделенија, по наставни предмети и по пол, од една година во друга е важна компонента и на тој начин се врши преглед за успехот на учениците според национален состав и пол, во вид на анализи за време на наставнички или одделенски совети, како и на седниците на стручните активи.<br><br><table><tr><td colspan="8">Успех на учениците на крајот од учебната 2021/2022 година</td></tr><tr><td>Одд.</td><td>IV</td><td>V</td><td>VI</td><td>VII</td><td>VIII</td><td>IX</td><td>IV-IX</td></tr><tr><td>Просек:</td><td>4,35</td><td>4,33</td><td>4,04</td><td>3,70</td><td>3,91</td><td>4,33</td><td>4,08</td></tr></table></td></tr>
</table>

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>
<table>
<tr><th colspan="8">Успех на учениците на крајот од учебната 2022/2023 година</th></tr>
<tr><td>Одд.</td><td>IV</td><td>V</td><td>VI</td><td>VII</td><td>VIII</td><td>IX</td><td>IV-IX</td></tr>
<tr><td>Просек:</td><td>4,41</td><td>4,52</td><td>3,82</td><td>3,85</td><td>3,66</td><td>4,11</td><td>4,06</td></tr>
</table>
<table>
<tr><th colspan="8">Успех на учениците на крајот од учебната 2023/2024 година</th></tr>
<tr><td>Одд.</td><td>IV</td><td>V</td><td>VI</td><td>VII</td><td>VIII</td><td>IX</td><td>IV-IX</td></tr>
<tr><td>Просек:</td><td>4,53</td><td>4,34</td><td>4,29</td><td>3,91</td><td>4,04</td><td>4,08</td><td>4,15</td></tr>
</table>
Од табелите се гледа дека успехот на учениците во целото училиште е 4,15. На крајот од учебната 2023/24 година, во споредба со успехот од 2022/23 год. е зголемен за 0,09, а во споредба со 2021/22 успехот е зголемен за 0,07.<br>
Споредбите на резултатите натаму се користат за добивање на подобра слика за тоа како се движат постигањата на секоја посебна генерација ученици од една учебна година во друга, како и за тоа како се движат постигнувањата по предмети во една конкретна учебна година, а кај различни генерации на ученици.
</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост</td>
<td>Уште при запишувањето на учениците во прво одделение се идентификуваат децата со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби. Училиштето има систем на идентификација на ученици со тешкотии во учењето (евидентни листови, разговори со ученици и родители). Со нив се работи со диференциран начин на работа, а по потреба за постигнување на подобри резултати се одржува и дополнителна настава и континуирано се следи нивниот развој. Одделенските раководители и предметните наставници соработуваат со психологот и педагогот кои даваат свое мислење за понатамошна помош на ученикот и наставникот. Педагогот и психологот работат индивидуално со ученици со посебни образовни потреби и со тешкотии во учењето, по поедини предмети, со цел стекнување подобар успех во усвојување на наставните содржини и ги информираат наставниците како на истите да им помогнат полесно да се адаптираат на образовниот процес. За работа со овие ученици исто така се вклучени образовни асистенти кои учествуваат во реализирање на воспитно-образовниот процес. Истите даваат инструктивно – советодавна помош на наставниците и ги поттикнуваат во изработка на индивидуални образовни програми за учениците со тешкотии во</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | учењето и со попречености. Како резултат на овие активности дел од наставниците од нашето училиште изработуваат индивидуални образовни програми - ИОП како дел од годишното планирање по одреден наставен предмет во одделенска и предметна настава. Исто така во училиштето е формиран и училишен тим за инклузија кој со низа на активности им помага на наставниците во работа со овие ученици и во соработка со образовните асистенти.<br>Според анкетата 100% од наставниците се изјасниле дека успешно ги идентификуваат учениците со тешкотии во учењето.<br>Надарените ученици се идентификуваат од страна на наставниците преку лична проценка, преку тестови, разговори и следење на постигањата во воспитно- образовниот процес. Не се користи мерен инструмент или некој друг модел со наведени индикатори за утврдување на видот на надареноста, односно талентираноста на учениците. Според анкетата 100% од наставниот кадар се изјасниле дека успешно ги идентификуваат надарените ученици. |
| | Исвестување на родителите / старателите за постигањата на учениците | Родителите/старателите редовно се известуваат за постигањата на учениците преку родителски состаноци, индивидуални средби со наставниците и отворени денови. Исто така родителите имаат можност постигањето на учениците да го следат и преку електронскиот дневник. 89% од родителите според анкетата се изјасниле дека имаат можност да разговараат за постигањата на своето дете по сите предмети, а 93% од нив се изјасниле дека добиваат јасни насоки од страна на наставниците како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето. |
| **Индикатор 2.2. Мерки за подобрување на постигањата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Записници од советувања на родители и ученици;<br><br>-Распоред и списоци за дополнителна и додатна настава;<br><br>-Е-дневник; | Редовност во наставата | Редовноста на учениците секојдневно се евидентира во дневникот на паралелката (Е-дневникот). На Советот на одделенски и предметни наставници, одделенските и раководителите на паралелката даваат извештај за редовноста на учениците, при што се врши анализа на причината за отсуството. Се анализираат причините за отсуството и навреме се преземаат конкретни активности за редовноста во наставата. Одделенскиот раководител и раководителот на паралелката се обраќаат кај родителот/старателот, прибираат информации зошто ученикот отсуствувал. Ако нема повратна информација по службен пат раководителот на паралелката испраќа покана до родителите/старателите. Доколку има потреба училиштето се обраќа и до |

<table>
<tr>
<td rowspan="2">-Извештаи за соработка со различни чинители за подобрување на постигањата;</td>
<td></td>
<td>Центарот за социјална работа. Училиштето има Правилник за педагошки мерки за учениците кои подолго време отсуствувале од наставата. За учениците кои имаат повеќе неоправдани изостаноци, според Правилникот за педагошки мерки, се изрекуваат соодветни педагошки мерки. Според спроведената анкета 97% од родителите/старателите се изјасниле дека се континуирано информирани за редовноста на учениците.<br>Вкупниот број на изостаноци во паралелките на крајот од 2023/24 година изнесува 6012 од кои 5972 се оправдани, а 40 се неоправдани.<br>
<table>
<tr><td>Изостаноци</td><td>Оправдани</td><td>Неоправдани</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td>2021/2022</td><td>5972</td><td>40</td><td>6012</td></tr>
<tr><td>2022/2023</td><td>11486</td><td>90</td><td>11576</td></tr>
<tr><td>2023/2024</td><td>8133</td><td>313</td><td>8446</td></tr>
</table>
</td>
</tr>
<tr>
<td>Советување на родители/старатели и ученици</td>
<td>За некои ученици е потребна поинтензивна поддршка која вклучува и советување на учениците и на нивните родители/старатели. Советувањето на родителите/старателите се однесува на родители/старатели и нивните деца кои имаат потреба од дополнителна поддршка во однос на училишниот успех и напредување, на редовноста и /или однесувањето. Психологот и педагогот повторно реализираат советување со родители/старатели доколку претходните средби на наставниците и раководителите на паралелки со родителите/старателите не довеле до подобрување на состојбата. Родителите/старателите на учениците се повикуваат на советување доколку ученикот:<br>- нередовно ја посетува наставата од неоправдани причини односно има повеќе од 10 неоправдани изостаноци<br>- има незадоволителен успех (3 или повеќе слаби оцени на крајот на тримесечието или полугодието) или значително му опаднал успехот во однос на успехот во претходното тримесечје<br>- манифестира различни форми на несоодветно однесување.<br>Според спроведената анкета, 92% од родителите/старателите се изјасниле дека добиваат добри совети за подобрување на успехот на нивните деца, а 98% се изјасниле дека добиваат добри совети за подобрување на однесувањето на нивните деца.</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Според наставниот план и програмата за работа секој наставник прави распоред за одржување на дополнителна настава( за ученици со потешкотии во учењето) и додатна настава( за надарени ученици). Од анкетите 90% од учениците се изјасниле дека наставниците постојано ги поттикнувале на подобрување на нивниот успех. 90% од учениците се изјасниле дека на нивно барање, наставниците им организирале дополнителна настава доколку не можеле да го совладаат материјалот. 97% од учениците се изјасниле дека доколку по некој предмет сакаат да научат повеќе од предвиденото на часовите, наставниците им нудат додатна настава и 93% од родителите/старателите се изјасниле дека на нивното дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Училиштето ги следи постигањата на учениците и располага со детални податоци за нивните постигања по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди во текот на целата учебна година. Се следи општиот успех на учениците во однос на полот и етничката припадност. Специјалниот едукатор и рехабилитатор работи индивидуално со ученици со посебни образовни потреби и со тешкотии во учењето, по поедини предмети, со цел стекнување подобар успех во усвојување на наставните содржини и ги информира наставниците како на истите да им помогнат полесно да се адаптираат на образовниот процес. За подобро идентификување на учениците со говорни недостатоци недостасува логопед со кој целосно би се оформила стручната служба. Родителите/старателите редовно се известуваат за постигањата на учениците преку родителски состаноци, индивидуални средби со наставниците и отворени денови. Исто така родителите имаат можност постигањето на учениците да го следат и преку електронскиот дневник. Од анкетите 90% од учениците се изјасниле дека наставниците постојано ги поттикнувале на подобрување на нивниот успех. |
| **Силни страни**<br>Постои стратегија за детектирање, работа и следење на учениците со потешкотии во учењето. Навремено, преку соодветни инструменти, се детектираат овие ученици, се идентификуваат нивните потреби и преку диференциран начин на работа, преку употреба на претходно изработени индивидуални образовни програми, со целосна вклученост на одделенските и предметните наставници, педагогот, психологот, дефектологот и образовните асистенти кои работат со учениците со ПОП, се следи нивниот напредокот и постигањата, како и процесот на адаптација и целосно вклучување во наставниот процес, на ниво на одделение и училиште. |
| **Слаби страни**<br>-Во училиштето недостасува стратегија за детектирање на степенот и видот на надареност кај талентираните ученици, ресурси со чија помош ќе се продлабочат знаењата и ќе се унапредат нивните способности и дополнително ќе се мотивираат за постигнување на |

| |
|---|
| високи резултати.<br>-Училиштето системски ја следи редовноста, успехот и однесувањето на учениците, за што води уредна документација и редовно ги известува родителите и надлежните институции, но соработката и советувањата на родителите/старателите ретко резултираат со подобрување на постигнувањата, однесувањето и редовноста на учениците.<br>-Воочена потреба на логопед во училиштето |
| **Приоритети**<br>-Обуки за стручно усовршување на наставниот кадар за работа со талентирани ученици<br>-Барање за добивање на согласност за вработување на логопед во училиштето |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **3.1. Училишна клима**<br><br>**3.2. Еднаквост и правичност**<br><br>**3.3. Партнерски однос со заедницата** |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1. Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Правилник за изрекување педагошки мерки<br>-Водич за ученичко учество,<br>ученичко организирање и заштита на детските права во основното образование (Коалиција СЕГА);<br>-Кодекс на однесување;<br>-Анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците;<br>-Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br>-Статут на училиштето;<br>-Куќен ред на училиштето;<br>-Пофалби, награди, признанија и др.;<br>-Написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи;<br>-Решение за формирање на ученички парламент и | Углед/имиџ на училиштето | Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовираа добри постигања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Училиштето редовно спроведува воннаставни активности, а за нивно афирмирање користи различни медиуми (социјални мрежи и ученичко катче).<br>Училиштето става акцент врз постигањата на учениците преку промовирање на личните постигања на учениците. Средината за учење е успешно организирана, благодарение на големите залагања на наставниците, а воедно се поставуваат јасни и високи очекувања во однос на образовните постигања.<br>Сите трудови на учениците за нивните постигања во однос на наставата се наоѓаат кај наставниците, односно во ученичките портфолија особено кај учениците од прво до петто одделение. Трудовите се изложени во кабинетите, во училишните ходници и паноа предвидени за оваа намена. На тој начин се постигнува поголема мотивација кај учениците за натамошно надоградување, како и за учество на натпревари по сите наставни предмети. Учениците редовно учествуваат во реализација на Новогодишни и Велигденски работилници, а своите трудови ги изложуваат и на организираните продажни изложби од хуманитарен карактер.<br>Промовирањето на постигнувањата на учениците се врши на профилот на фејсбук на училиштето и на општината и тоа редовно и навремено. Ваквата активност придонесува да се запознае и пошироката јавност за успесите и активностите на нашите ученици. |
| | Кодекс на однесување | Училиштето има Кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Кодексот е изработен со учество на претставници на сите засегнати за животот во училиштето, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура. Родителите/старателите ја имаат можноста да придонесат за развој и |

| | | |
|---|---|---|
| избор на ученик правобранител;<br>-Програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител;<br>-Досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи); | | ажурирање на содржината на Кодексот на однесување, за што говори и податокот на ова анкетно прашање и тоа 78% целосно се согласуваат. Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во практика и има примери од спроведувањето. |
| | Училишна клима | Меѓу сите учесници во училишниот живот постои заемно почитување и вклученост во активностите во училиштето. Во училиштето постои доволна соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржување на добра атмосфера во училиштето што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Речиси сите ученици (без оглед на способностите, род, етничка припадност, вера и потекло) се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето. |
| | Поведени и дисциплина во училиштето | Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди и/или пишани графити со негативни пораки, но има повремени провокации и навреди меѓу самите ученици, кои што навремено се решаваат. Средината за учење ги мотивира учениците да си поставуваат повисоки цели. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Во училиштето функционира Ученички парламент и ученички правобранител. Учениците навремено и целосно се информирани од страна на претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес. Учениците преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето. Учениците членови на ученичкиот парламент редовно се поканувааат и присуствуваат на состаноци на училишен одбор. |
| **Индикатор 3.2. Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Анкета и разговори со ученици, родителите, | Познавање и почитување на правата на децата | Во училиштето, ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за |

| | | |
|---|---|---|
| наставници, стручна служба;<br>-Извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права;<br>-Записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување);<br>-Структура на паралелките;<br>-Записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција;<br>-Дневник за работа на стручните соработници;<br>-Оперативен план за наставен час;<br>-Записници од наставнички совет;<br>-Критериуми и процедури за избор на ученик на генерација; | | запознавање на учениците со неговите надлежности во однос на заштита на детските права. Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата.<br>Училиштето организира активности со дел од родителите/старателите за да ги запознае со правата на децата. Најголемиот број од учениците сметаат дека нивните права се почитуваат.<br>Стручната служба, наставниците и сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата. Во рамките на училиштето од страна на стручната служба и наставниците редовно се одржуваат работилници со учениците за запознавање со правата и обврските на децата, а пак на родителските средби за правата и обврските на децата се информираат родителите на кои воедно им се укажува дека дел од учениците не ги извршуваат во целост своите обврски.<br>Учениците знаат за своите права, а при прекршување на истите знаат како да постапат и каде да се обратат за што говори и спроведената анкета на која 50% одговориле дека целосно се согласуваат, а 43% се согласуваат. Во училиштето, ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за запознавање на учениците со неговите надлежности во однос на заштита на детските права. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Најголемиот број од учениците сметаат дека нивните права се почитуваат. |
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Сите ученици, без разлика на својата национална припадност, подеднакво учествуваат во наставата и во воннаставните активности во зависност од своите интереси. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат спрема сите ученици, независно од полот, етничка припадност, вера, социјално потекло и еднаквост спрема децата со посебни потреби кои активно се вклучени во наставата. Еднакво однесување постои и во работата со компјутери и во воннаставните активности.<br>Наставниците стручно се усовршуваат за работа со деца со посебни потреби (инклузија – наставници и стручна служба). |

| **Индикатор 3.3. Партнерски однос со заедницата** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br>-Записници од советот на родители и родителски средби;<br>-Анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници;<br>-Анкета/интервју со претставник на локалната заедница;<br>-Статут на училиштето;<br>-Интернет- страница на училиштето;<br>-Договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции;<br>-Извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите и со претставниците на локалната заедница;<br>-Документација за добиени спонзорства и донации; | Соработка на училиштето со родителите/старателите | Во нашето училиште постојано се организираат индивидуални и групни родителски средби кои се одржуваат на секое тримесечје, полугодие и на крајот од учебната година, како и вонредни родителски средби по потреба. Се спроведуваат постојани средби и разговори со родителите за секој проблем во текот на учебната година. Се реализираат и неформални средби со родителите на приемните денови на предметните наставници.<br>Училиштето соработува со родителите преку Совет на родители составен од делегирани родители од секоја паралелка. Претседателот на Советот на родители, редовно свикува и одржува состаноци на барање на родителите и училиштето. Раководството на Совет на родители има изготвена програма за работа која е доставена до училиштето.<br>Родителите за постигнатиот успех на учениците се информираат преку е-дневник. За тековните информации, родителите добиваат писмени известувања и тоа за: полуматура, изборни предмети, екскурзии, исхрана, списанија и др. Родителите се вклучени во повеќе важни одлуки кога тоа се однесува на интересот на учениците. Имено, родителите одлучуваат за наставните екскурзии, одбираат на кој начин таа ќе се реализира во однос на превоз и сместување. Родителите одлучуваат за изборот и видот на ученичкиот алманах кој се изработува на крајот од деветто одделение. Родителите исто така се вклучуваат во подготовките на училишните претстави со свои идеи. |
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Родителите (во зависност од нивната професија и работно место) се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку презентирање на конкретна тема или преку посети на нивните работни места. Учениците согласно наставните програми вршат посета на различни институции и фирми од нашата општина. Училиштето зема учество во организирани активности во локалната средина и во други образовни институции со што го гради својот имиџ. Училиштето постојано соработува со локалната заедница. Се одржуваат и разни други манифестации: Еко – проект, хуманитарни акции, продажна изложба од хуманитарен карактер, предавања од областа на здравството и организирани манифестации од општината во кои земаат учество наши |

| | | |
|---|---|---|
| | | ученици. Посебно треба да се истакне соработката со Црвениот крст и Младинската организација на Црвен крст – Македонски Брод и тоа преку реализирање на хуманитарни акции, реализирање на продажни штандови и одржување на предавања од нивна страна на нашите ученици.<br>Систематските прегледи, стоматолошки прегледи и имунизацијата на учениците се одвива во соработка со Здравствениот дом – Македонски Брод.<br>Кон крајот на учебната година се реализираат посети од средните училишта за нивна промоција пред претстојните уписи. |
| **Индикатор 3.4. Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување;<br>-Правилник за начинот на запишување на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница;<br>-Програма за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение<br>-Упатство за одржување училишни објекти;<br>-Правилник за стандардите за исхрана и оброците во основно | Превенција и заштита од насилство | За обезбедување на благосостојба на учениците, за време на наставата која се изведува во една смена има дежурни наставници кои водат грижа за да не настанат проблеми за време на одморите во училиштето и училишниот двор. Училиштето е вклучено во обработка на теми за насилство преку училишната политика за намалување на насилството во училиштето и делот од програмата за работа на специјалниот едукатор кој се однесува на оваа проблематика. Според пишан документ (Политика за заштита на децата), во училиштето се забранети сите видови на психичко и физичко насилство. Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците, истакнат на јавно место во кој е наведено дека, доколку кај учениците се јават проблеми од било каков карактер (лични, во врска со училиштето, социјалниот живот) можат да се обратат за помош кај наставниците. Советодавна работа со учениците кои манифестираат различни облици на неприлагодено однесување, организира и реализира според годишната програма. За постоењето и помошта од стручната служба учениците се информираат уште во почетокот на учебната година од одделенскиот раководител на одделенскиот час, родителите на родителска средба и Советот на родители, како орган од претставници на родители на деца кои посетуваат настава во нашето училиште на нивниот состанок. За решавање на различни проблеми кај децата, стручната слушба разговара и со родителите на децата кои покажуваат облици на наприлагодено |

| | | |
|---|---|---|
| училиште;<br>-Кодекс на однесување;<br>-Куќен ред на училиштето;<br>-Набљудување на условите во училиштето;<br>-Протокол за превенција и заштита од насилство;<br>-Анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците;<br>-Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br>-Записници од советувања;<br>-Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br>-Записници од советот на родители и родителски средби;<br>-Анкети и интервјуа со директорот, родителите, наставниците и со стручните соработници;<br>-Педагошка евиденција и документацијата;<br>-Организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите и со претставниците на | | однесување.<br>Во училиштето навистина се работи на решавање конфликти и спречување насилство, со добиените 92% добиени од анкетите со учениците кои целосно се согласуваат и 92% кои се согласуваат и знаат како да постапат ако им се случи врсничко насилство во училиштето. |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции, која подразбира дека во училиштето (училниците, канцеларијата, тоалетите, училишниот двор ) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Училиштето има договор за соработка со МВР, Подрачна служба Македонски Брод и Центарот за социјални грижи Македонски Брод и во училиштето за учениците и родителите се организираат предавања од стручни лица за превенција од пушење, алкохол и дрога. Ваквите предавања се од голема корист за учениците и родителите за да ги согледаат последиците од пушењето, алкохолот и дрогата и да го насочат своето однесување кон негирање на ваквите пороци со цел избегнување на ризиците. Дополнителна едукација, за превенција од дрога и превенција на насилство, учениците добиваат по одделни предмети како и на трибини организирани од невладини организации.<br>Според анкетите родителите се изјаснија: 51% целосно се согласуваат, а 35% се согласуваат дека се преземаат мерки за превенција од алкохол, пушење и дрога. Учениците учествуваат во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства со добиените анкети во кои 42% целосно се согласуваат, а 35% се согласуваат. |
| | Квалитет на достапна храна | Преку зацртаните планови и програми на ЕКО одборот на училиштето (кое е вклучено во ЕКО програмата) е опфатена активноста за здрава исхрана, т.е. користење здрава и свежа храна. За учениците во училиштето не е организирана исхрана. |
| | Хигиена и заштита од болести | Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Училиштето располага со Правилник за работа на помошниот персонал, по кој се постапува и дејствува во сферата на нивните задолженија и активности. Комплетно чистење на просториите, прозорците, завеси, мебел се прави два пати во |

| | | |
|---|---|---|
| локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.;<br>-Записници од спроведените активности за професионална ориентација; | | годината, по еднаш во полугодие. Одржувањето на тоалетите, ученички и наставнички се врши редовно, а дезинфекција секогаш кога училиштето има набавено дезинфекциони средства. Дворот во училиштето е чист, тревните површини се одржуваат, но не доволно хортикултурно уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и ходниците има корпи за отпадоци, а наставниот кадар и учениците од ЕКО одборот се грижат за селектирање на отпадот. Училиштето во почетокот на учебната година реализира дезинфекција, дератизација и дезинсекција (ДДД) на сите простории во училиштето, еднаш годишно. По потреба, во случаи на епидемии од грип, истото може да се изврши и по повеќе од двапати. При појава на епидемија училиштето во согласност со правилата и насоките дадени од епидемиолошката служба, ги информираат за симптомите, преносливоста и превенцијата, учениците, родителите и наставниците за посебен режим на однесување, како во училиштето, така и надвор од училиштето, се со цел навреме откривање и побрзо санирање на болеста. Стручната служба во ваков случај секој ден ја проверува состојбата на отсуства во училиштето, на ученици поради болест и врз основа на тоа се превземаат дополнителни дејства за реализирање на наставата. Според направената анкета, родителите по прашањето дали хигиената во училиштето е на високо ниво, 79% од нив целосно се согласуваат, додека тој процент кај учениците изнесува околу 81%. |
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | На почетокот на учебната година училиштето врши подготовка за почеток на наставната година и безбедно одвивање на наставата. Безбедноста во училиштето задоволува. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава и инфраструктурата во училиштето (мебел, скали, подови, прозорци,, двор) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците со исклучок на дел од подрачните училишта и струјните места во Централното училиште по училници. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата во училишната зграда и двор. Сите опасни места во училиштето и училишниот двор (шахти, штекери и сл.) се заштитени и не претставуваат опасност за учениците. Обележани се хидрантните бази, редовно се сервисирани и проверени ПП апаратите. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето има изработен Правилник за заштита и спасување од елементарни и други несреќи и Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Училиштето располага со прирачна аптека за прва помош. Секоја година се изведува симулација по Правилникот за заштита и спасување од елементарни непогоди во училиштето. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | За потребите на учениците од социјално загрозените семејства училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со другите релевантни институции (Центарот за социјална работа). Одредени невладини организации инцидентно се вклучуваат во давање помош за учениците од социјално загрозени семејства – помош во училишен прибор. Училиштето, за целосна интеграција на учениците од социјално загрозените семејства во наставните и воннаставните активности самоиницијативно одлучува да им помогне на овие деца, преку организирање бесплатни научни екскурзии и полуматурски забави, спроведување хуманитарни акции за собирање парични средства и помагање на социјално загрозените семејства. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Учениците од секоја втора учебна година одат на систематски и стоматолошки преглед, преку кои се идентификуваат здравствените проблеми на учениците. Ако се забележат посериозни здравствени проблеми, учениците заедно со родителите се повикуваат во диспанзерот или им се советува да го посетат матичниот лекар. На учениците, кои во одреден период се спречени да ја следат редовната настава од здравствени проблеми, училиштето им овозможува полагање на одделенски испит на крајот на учебната година. Училиштето за учениците кај кои се идентификувани здравствени проблеми, добива сознанија од родителите на учениците, кои разговараат со одделенскиот раководител. Одделенскиот раководител за тоа ги информира предметните наставници, а посебно наставниците кои предаваат физичко и здравствено образование. За тие ученици се води посебна евиденција и се прават вежби соодветни за нивната здравствена состојба. Наставниците по физичко и здравствено образование во согласност со програмата и планот за работа вршат мерења на тежина, висина и држење на телото кај учениците. Тие резултати можат да бидат показател за одредени физички аномалии кај учениците. Со учениците кај кои се |

| | | |
|---|---|---|
| | | забележани физички проблеми се изведуваат специјални вежби или се праќаат за помош кај стручни лица. Во училиштето се организираат предавања од стручни лица за едукација и заштита на учениците од заразни болести. За тоа постои добра соработка со Здравствениот дом – Македонски Брод. |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии без оглед на изворот (семејно насилство, семејна негрижа, развод, болест во семејството, постконфликтни ситуации...) Со нив разговара стручната служба во училиштето која им помага преку советодавни и консултативни разговори или ги упатува до релевантни институции. Училиштето соработува со здравствени установи, Центар за социјални работи, и други организации и компетентни институции. Според направените анкети со родителите, по прашањето колку училиштето се грижи за емоционалната состојба на учениците, 44% се изјасниле целосно се согласувам, а 45% се согласувам. |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Училиштето ги подготвува учениците за понатамошното образование. Во деветто одделение, учениците имаат можност да присуствуваат на повеќе презентации од претставници од средни училишта, кои ќе им помогнат при изборот на своето понатамошно учење. При тоа полесно се запознаваат со условите за конкурирање, програмите и други важни информации. Училиштето делумно им помага на учениците при изборот на занимањето, професијата и институцијата за понатамошно образование, доусовршување преку осмислена програма за професионална ориентација која содржи повеќе активности. За таа цел користат и промотивни материјали како летоци, брошури, ЦД и сл. Исто така, учениците од деветто одделение редовно се гости и на Отворениот ден на гимназијата СОУ „Св. Наум Охридски“ – Македонски Брод, кога истите се запознаваат со програмите за средно образование што ги нуди средното училиште. Информирани се за помошта што можат да ја добијат во училиштето.<br>Според родителите и направените анкети, училштето дава информации и подршка при избор на понатамошното образование на учениците, со 38% целосно се согласувам и 43% се согласуваат. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовираа добри постигања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Училиштето става акцент врз постигањата на учениците преку промовирање на личните постигања на учениците. Средината за учење е успешно организирана, благодарение на големите залагања на наставниците, а воедно се поставуваат јасни и високи очекувања во однос на образовните постигања. Училиштето има кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Најголемиот број од учениците сметаат дека нивните права се почитуваат. Сите ученици, без разлика на својата национална припадност, подеднакво учествуваат во наставата и во воннаставните активности во зависност од своите интереси. Училиштето соработува со родителите преку Совет на родители составен од делегирани родители од секоја паралелка. Училиштето зема учество во организирани активности во локалната средина и во други образовни институции со што го гради својот имиџ. Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Постои загриженост кај дел од родителите за недоволната вклученост на учениците во планирањето и организацијата на различните активности кои се реализираат во рамките на училиштето. Истовремено, се забележува и мала заинтересираност кај родителите во планирањето, организацијата и реализацијата на заеднички активности, а истовремено изостанува и нивна целосна иницијатива за поголемо вклучување во реализацијата на активности во рамките на воспитно-образовниот процес, како и воннаставните активности во рамките на училиштето. |
| **Силни страни**<br>-Навремена и сеопфатна едукација на учениците за превенција и ширење на заразни болести преку соодветни предавања од страна на стручни лица, како и организирани трибини и предавања од страна на ученици и невладини организации.<br>-Соработката со бизнис и невладиниот сектор, како и со локалната самоуправа е на високо ниво и истата придонесува кон подобрување на наставниот процес, активно вклучување на нашите ученици во активности/настани во организација на Општина Македонски Брод, како и отворање на можности за вклучување во дополнителни проекти и активности, како и учество на трибини/обуки/семинари од сферата на образованието, заштитата на животната средина, млади, образовна инклузија и сл. |
| **Слаби страни**<br>-Недоволен број на предавања, трибини, работилници организирани од МВР – ПС Македонски Брод и Здравствениот дом – Македонски Брод за превенција од алкохол, пушење и дрога<br>-Недоволна мотивираност кај родителите за поголемо вклучување и повеќе самостојни иницијативи за подобрување на воспитно-образовниот процес. |
| **Приоритети**<br>-Поголема вклученост на учениците во планирањето и организацијата на активностите и донесувањето на одлуки во училиштето<br>-Поголема вклученост на родителите во заеднички активности, едукации и работилници.<br>-Продлабочување на соработката на училиштето со МВР – ПС Македонски Брод и Здравствениот Дома Македонски Брод |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **4.1. Управување и раководење со училиштето**<br><br>**4.2. Цели и креирање на училишната политика** |

| Собирање на податоци | | |
|---|---|---|
| **Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Програма за работа на училишниот одбор;<br>-Деловник за работа на училишниот одбор;<br>-Статут на училиштето; записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни);<br>-Развојна програма на училиштето;<br>-Програма за работа на директорот;<br>-Програми за професионален развој;<br>-Докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи);<br>-Интервјуа со наставници, родители и ученици и училишниот одбор;<br>-Распоред и процедури за користење на просторот и материјалите во училиштето;<br>-Прашалник за одговорното лице од | Управување со училиштето | Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на УО. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на УО ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. УО квартално го следи трошењето на буџетот со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Училиштето поседува програма за работа на училишниот одбор која е донесена во согласност со законските регулативи. Постојат одлуки, записници и извештаи од работата на училишниот одбор. Работењето на УО е регулирано со Деловник за работа, според кој УО работи со присуство на повеќе од половината членови, а одлуките ги носи со мнозинството гласови од вкупниот број членови. Сите седници се одржани со мнозинство присутни членови. За состаноците се водат записници. Сите донесени одлуки се во рамките на неговите ингеренции. По извршените разговори со повеќе наставници констатирано е дека работата на УО е транспарентна, од причина што се практикува информирање на вработените за неговата работа преку огласната табла. Во изминатиот период е обезбедена обука на членовите на истиот заради усовршување со процесот на управување. |
| | Раководење со училиштето | Со училиштето раководи директор, неговиот избор е во согласност со законската регулатива. Раководниот орган на училиштето ја следи организацијата и реализацијата на воспитно - образовната и другата стручно педагошка работа во училиштето. Работата и работните задачи се внесени во програмата за работа на Директорот. Соработува со сите субјекти во училиштето при носење на одлуки за наставата и наставниот процес. Формира тимови и групи при организирање и реализирање на одредени работни задачи. Ги следи упатствата и известувањата на МОН и БРО и редовно испраќа наставници на стручно доусовршување. Има воспоставено партнерски односи со ЛС и сите институции во општината. Врши аналитичко-студиска работа, презема мерки за подобрување на условите за работата во училиштето, донесува одлуки кои се во негова надлежност. Постојано ја поттикнува, |

| | | |
|---|---|---|
| општината;<br>-Докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации), активности и програма за работа на училишната библиотека/медиатека; | | развива и следи тимската работа во училиштето.<br>Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. |
| | Управување и раководење со ресурсите | Училиштето планира, но има потешкотии при обезбедување поотрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности. Во училиштето е воочена потреба од доградба на санитарен чвор, изградба на стаклена градина, оградување на дворовите во две подрачни училишта и замена на дотраената дограма во подрачните деветгодишни училишта. Училишната библиотека/медиотека располага со доволен број книги, вклучувајќи ги лектирните изаданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. 85 % од учениците се изјасниле дека можат да земаат книги во секое време. Библиотеката нема посебна читална, но постои просторија која учениците можат да ја искористат доколку имаат потреба за читање. Се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден. |
| | Раководење со кадарот | Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на настава во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Програмата за професионален развој на наставниците е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручние соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите на кадарот образовните реформи и современите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж. |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на |

| | | |
|---|---|---|
| | | најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повртна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени чек листи/протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час. |
| **Индикатор 4.2. Цели и креирање на училишна политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште;<br>-Развојна програма на училиштето;<br>-Годишна програма за работа на училиштето;<br>-Извештај од самоевалуација;<br>-План за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови;<br>-Анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, учениците;<br>-Записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет;<br>-Интерни акти;<br>-Програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор; | Процедури за креирање на училишната политика | Во училиштето целите се прецизни, јасни и се фокусираат на подобрување на квалитетот на наставата и посигањата на учениците. Училиштето има правилници во врска со дисциплинанта, предвидени диципплински мерки, оценување на поведението и насилничкото однесување. Педагогот во согласнот со законот работи на решавање на проблемите и дисциплината. Исто така училиштето има Куќен ред кој се почитува. За реализација на училишната политика постои комуникација помеѓу раководниот тим, наставниците, родителите и учениците. За сите планови и планирани активности се информираат:<br>-учениците преку редовниот одделенски час;<br>-родителите преку редовните, вонредните и индивидуалните средби, а и преку Советот на родители:<br>-наставниците преку редовните Наставнички и Одделенски совети и работата на Стручните активи.<br>Во реализација на училишната политика вклучена е и локалната заедница. Една од целите на училиштето е проширување и збогатување на знаењата на наставниците и учениците преку соработка и збратимување со други училишта и тоа успешно се реализира. Сите релевантни субјекти соработуваат и поставените цели во голема мера се реализираат. Ова позитивно влијае врз работењето на училиштето. |
| | Резултати од развојно планирање | Во училиштето постои изготвен четиригодишен развоен план согласно ЗОО и Статутот на училиштето, со прецизни и јасни цели преку кои се отсликува мисијата и визијата на училиштето. Преку Развојниот план се реализира развојното планирање. Во развојното планирање вклучени се сите релевантни субјекти и за сите активности се информирани учениците, наставниците и родителите. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултатите од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а планираните цели се реализираат. |

| | | |
|---|---|---|
| -Деловник за работа на училишниот одбор;<br>-План за професионален развој;<br>-Буџет и финансиски план на училиштето; | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигнувањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од УО и Советот на општината. Од анкетираните родители 53% се изјасниле дека не се запознаени како се троши буџетот на училиштето. Вработените се целосно запознаени со донесувањето, распоредувањето и реализирањето на буџетот на училиштето. |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

**Опис/резиме на подрачјето**

Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училиштето планира, но има потешкотии при обезбедување поотрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности. Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето целите се прецизни, јасни и се фокусираат на подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците. Во училиштето е воочена потреба од доградба на санитарен чвор, изградба на стаклена градина, оградување на дворовите во две подрачни училишта и замена на дотраената дограма во подрачните деветгодишни училишта. Училишната библиотека не ги задоволува во целост потребите на учениците и наставниците, како во однос на лектирните изданија, така и во однос на дополнителната литература за деца и млади, како и соодветна стручна литература од областа на образованието.  Училиштето располага со соодветни наставно нагледни средства, но дел од нив се застарени и има потреба од нови нагледни средства. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигнувањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од УО и Советот на општината. Од анкетираните родители 53% се изјасниле дека не се запознаени како се троши буџетот на училиштето. Вработените се целосно запознаени со донесувањето, распоредувањето и реализирањето на буџетот на училиштето.

**Силни страни**

